ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

Предлог-закони утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во мај 2025 г.

5

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: 1

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 1
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 0

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР: 0

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 0
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 0

Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: 4

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МЕТ | 2 | 2 | 100% |
| МЛС | 1 | 0 | 0% |
| МЗ | 1 | 1 | 100% |
| МЕРМС | 1 | 1 | 100% |
| ВКУПНО | 5 | 4 | 80% |

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 30 дена*

*Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ) е финансиран од Европската Унија. Во рамките на ГРЦ се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

## Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР

**Бр.109**

---

**Кај 1 предлог-закон е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

---

**4 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

---

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 30 дена од денот на објавувањето.

## Што се следи?

Предлог-закони отворени на ЕНЕР

Како се следи? Редовно се бележат:

Статус во кој е поставен предлог-закон

Датум на поставување на документи

Период кој што е даден како можноста за давање коментари

Содржина на поставени документите

## Како се одредува период на консултации?

Периодот се одредува според бројчаникот достапен на ЕНЕР.

Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.

„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.
„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.

## *ЦЕЛИ*

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во текот на мај 2025 и нивно поставување на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, законите за ретификација на меѓународни договори, закоите со кои се врши терминолошко усогласување со други закони, Предлогот на буџетот на Република Северна Македонија, Законот за извршување на Буџетот, и законите за гаранција на државата, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 30 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ"бр. 276/2024*). Дополнително, известуваме за нивото на коментирање од граѓаните и граѓанските организации за предлог-законите ставени на ЕНЕР и објавените одговори од надлежните институции на ЕНЕР.

## *МЕТОДОЛОГИЈА*

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула. Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## *РЕЗУЛТАТИ*

Во периодот од 1 до 31 мај 2025 г., до Собранието беа поднесени вкупно дваесет и еден предлог-закони, од кои за пет постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие пет предлог-закони, еден е ставен на ЕНЕР за консултации со јавноста. Останатите предлог-закони немаат обврска да бидат ставени на ЕНЕР бидејќи десет се предложени од група пратеници, три се терминолошко усогласување со измените и дополнувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа и три се ратификација на меѓународни договори.

Предлог-законот за кој е испочитувана обврската за консултации е: Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа, предложени од Министерство за локална самоуправа. Во дадениот рок, на ЕНЕР се ставени вкупно 6 коментари од граѓани и граѓански организации, а од надлежното министерство е одговорено со еден коментар на ЕНЕР дека дадените коментари ќе бидат разгледани. **Важно е да се напомене дека на ЕНЕР е ставена целосната листа на добиени и вградени мислења/коментари по однос на нацрт измените и дополнувањата на Законот**.

Предлог-законите за кои има обврска а не се ставени на ЕНЕР за консултации се: Предлог на закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт (*), Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, (иако овој предлог-закон е усогласување со измените и дополнувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа, но има и друга измена во законот) предложени од Министерство за економија и труд, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје, предложен од Министерство за здравство и Предлог на закон за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, по скратена постапка, предложен од Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог- Закон за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа**

## Предлог- Закон за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа

Основна цел на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа е да се подобрат функционалните аспекти на системот на локалната самоуправа. Посебните цели на Предлогот на законот се однесуваат на потребата да се унапреди транспарентноста и отчетноста на градоначалниците (преку уредување на постапка за референдумско изјаснување за доверба на градоначалниците), на советите како и на јавните служби во општините, учеството на граѓаните во одлучувањето за прашања од јавен интерес во општините, механизмите за осигурување на комунален ред во општините преку воспоставување на комунална редарска служба, воспоставување на општинските инспекторати, унапредување на безбедноста во заедницата, и да се воспостават соодветни механизми за еднакви можности за жените и мажите, спречување на корупцијата и конфликтот на интереси, и дигитализација на општинските услуги.

Со членот 2 од Предлогот на законот се врши дополнување на постојниот член 8 од Законот за локалната самоуправа со кој се уредува обврската за органите на општината, комисиите на советот и јавните служби основани од општината да ги информираат граѓаните за својата работа. Целта на оваа измена е да се усогласи Законот за локалната самоуправа  со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и воедно да се унифицираат општините во делот на обезбедување на транспарентност, на начин што минимум стандардите ќе се дефинираат во еден подзаконски акт.

Со членот 8 од Предлогот на законот се врши **намалување на процентите од 10% на 5% од избирачите на општината за предлагање на граѓанска иницијатива**, како и намалување на рокот од 90 на 60 дена во кој рокот советот е должен да ја одржи расправата по поднесена граѓанска иницијатива, кои се утврдени во членот 26 од Законот за локалната самоуправа. По однос на облиците на учество на граѓаните, анкетата во општините која ја спроведе Министерството за локална самоуправа во втората половина од минатата година, а на која одговорија 67 од вкупно 81 единица на локалната самоуправа, резултираше со информација за спроведени вкупно 20 граѓански иницијативи во периодот 2023 – прва половина на 2024 година. Високиот праг од најмалку 10% од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање (член 26/став 3) е идентификуван како клучна причина за малиот број на граѓански иницијативи. Истовремено, граѓаните и нивните здруженија бараат и намалување на рокот од 90 дена за расправа во советот на општината и за информирање на граѓаните за својата одлука.

Со членот 11 од Предлогот на законот се врши измена на членот 30 од Законот за локалната самоуправа и се додаваат **форумите во заедницата** како алатка за директно и активно вклучување на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на општинско ниво.. Со оваа измена член 30 од Законот за локалната самоуправа ќе гласи: „При изготвувањето на буџетот на општината, развојните стратегии, програми, планови и проекти на општината, советот, односно градоначалникот претходно обезбедуваат активно вклучување на граѓаните преку организирање форуми во заедницата, јавни трибини, спроведување анкети или барање предлози и мислења од граѓаните."